| | |
|---|---|
| Архивски знак: Shenja arkivore: | 2802 |
| Рок на чување: Afati i ruajtjes: | 15 |
| 20.12.2021 година viti | Потпис Nënshkrimi |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
**Сектор за правни работи-Одделение за прекршочна постапка**

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Александар Сапроновски како претседател и членовите Оливера Митевска и Наим Рамети, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-035741/21-0004 од 21.10.2021 година на ЦИ Скопје 3, Царинарница Скопје, поведена против сторителите на царински прекршок „Зенитх Интернатионал продуцтс" Дооел од Скопје, за царински прекршок по член 263 став 3 точка 6 од Царинскиот закон и Игор Перуновски од Скопје, за царински прекршок по член 263 став 4 в.в став 3 точка 6 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и членовите 52, 54 и 55 и член 63 став 1 и 3 од Законот за прекршоците, на ден 20.12.2021 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. „Зенитх интернатионал продуцтс" Дооел од Скопје, со седиште на ул.„1600" број 38 во Ѓорче Петров, Скопје, со ЕДБ МК4080001857l887, со жиро-сметка број 000300000004189951 депонент „Комерцијално банка" АД - Скопје, како правно лице

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 1 точка 6 од Царинскиот закон

2. Игор Перуновски од Скопје, роден на ден 21.02.1976 година во Скопје, со живеалиште на ул.„Ѓеорги Димитров" број 21/4-4 во Кисела Вода, Скопје, со ЕМБГ 2102976450056, со патна исправа број В0655050 издадена од МВР-Скопје, државјанин на Република Северна Македонија, како одговорно лице во правното лице

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263 став 2 в.в. став 1 точка 6 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 10.06.2021 година, во ЦИ Скопје 3, поднесена е увозна царинска декларација ИМА 4 21MKIM101300051256 од 10.06.2021 година, од страна на царинскиот застапник-декларант „Карго" Дооел од Скопје за увозникот „Зенитх Интернатионал Продуцтх" Дооел од Скопје, со која во првото наименување од царинската декларација декларирана за царинење е стока со трговски назив „куќишта (танкови) за акумулациони бојлери". Врз основа на извршена детална физичка и документарна котрола на стоката утврдени се неправилности во поглед на количината на стоката и тоа вишок на 9 парчиња куќишта (танкови) за акумулациони бојлери солар танк 80. 1 и врз основа на тоа е составен Записник за наод за извршена контрола број 30-035591/21-0003 од 11.06.2021 година, со што е избегнато плаќање на увозни царински давачки и даноци во помал износ од 2.074,00 денари.

Со горе опишаното дејствие пријавените со царинската декларација не ја опфатиле целата стока која би требало да се стави во царинска постапка и постапиле спротивно на член 69 од Царинскиот закон, со што првопријавениот „Зенитх интернатионал продуцтс" Дооел од Скопје, сторил прекршок по член 263 став 1 точка 6 од Царинскиот закон, а второпријавениот Игор Перуновски од Скопје, сторил царински прекршок по член 263 став 2 в.в став 1 точка 6 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

ИМ СЕ ИЗРЕКУВА

1. На правното лице „Зенитх интернатионал продуцтс" Дооел од Скопје, глоба во износ од 80 (осумдесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 4.920,00 денари.

2. На одговорното лице Игор Перуновски од Скопје, глоба во износ од 20 (дваесет) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 1.230,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителите се должни да ги платат во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението, и тоа:

- глобата да ја платат на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0554/21, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0554/21, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,
и доказите за така извршените уплати (обрасците ПП50) да ги доставаат во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РСМ, ул.„Колекторска" 6.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 129 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

3. Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок на „Зенитх интернатионал продуцтс" Дооел од Скопје, му ја изрече задолжително предвидената посебна прекршочна мерка одземање на стоката и тоа: 9 парчиња куќишта (танкови) за акумулациони бојлери солар танк 80. 1.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 28-035741/21-0004 од 21.10.2021 година на ЦИ Скопје 3, Царинарница Скопје, до Комисијата за одлучување по прекршок при

Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против сторителите на царински прекршок „Зенитх интернационал продуцтс" Дооел од Скопје за царински прекршок по член 263 став 1 точка 6 од Царинскиот закон и Игор Перуновски од Скопје, за царински прекршок по член 263 став 2 в.в став 1 точка 6 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по царински прекршок согласно член 60 став 3 од Законот за прекршоците, со покани за писмено произнесување број 28-035741/21-0006 и број 28-035741/21-0007 од 15.11.2021 година, писмено ги извести сторителите за поднесеното барање и ги поучи да се изјаснат за фактите и доказите поднесени во врска со истото.

Сторителите уредно ги примиле поканите за писмено произнесување видно од повратниците од пошта Скопје и истите до Комисијата доставија писмено произнесување број 28-035741/21-0013 од 07.12.2021 година во кое наведоа дека друштвото „Зенитх интернационал продуцтс" Дооел од Скопје досега има направено бројни увози и ова е за прв пат да се констатира вишок на стока. Со увозната царинска декларација ИМА 4 21MKIM101300051256 од 10.06.2021 година е оцаринета стока согласно Фактура Commercial invoice EXP-2021-ZIP-115 од 20.04.2021 година издадена од „Стар Индустриал Продуктс" од Обединети Арапски Емирати. „Зенитх интернационал продуцтс" Дооел од Скопје во истиот период има направено уште една нарачка од „Стар Индустриал Продуктс" од Обединети Арапски Емирати. Врз основа на таа нарачка е изготвена увозна царинска декларација 21MKIM101300056E22 од 23.06.2021 година со која е оцаринета стока согласно истата фактура Commercial invoice EXP-2021-ZIP-115 од 20.04.2021 година издадена од „Стар Индустриал Продуктс" од Обединети Арапски Емирати. Согласно втората нарачка од страна на испраќачот е издадена Фактура Commercial invoice EXP-2021-ZIP-116 од 21.04.2021 година издадена од „Стар Индустриал Продуктс" од Обединети Арапски Емирати. Но се случило бидејќи се работи за две блиски нарачки, втората нарачка да пристигне во Македонија пред првата нарачка. Од нивна страна не било воочено дека во тој момент втората нарачка пристигнала пред првата нарачка, бидејќи се случило мешање на документите на бродарот „Сеагул" при товарење на стоката од брод на камиони, при царинската постапка во тој момент ја дале фактура Commercial invoice EXP-2021-ZIP-115 од 20.04.2021 година за да се изготви увозната царинска декларација ИМА 4 21MKIM101300051256 од 10.06.2021 година, при што настанува проблемот. За увозот од 10.06.2021 година требале да ја приложат фактурата Commercial invoice EXP-2021-ZIP-116 од 21.04.2021 година во која се наведени и ги содржи и тие плус 9 парчиња танкови и не би имало вишок. Сметаат дека Комисијата треба да направи увид и во двете царинскаи декларации од 10.06.2021 година и 23.06.2021 година, дека предмет на царинење е стока која е наведена во иста фактура EXP-2021-ZIP-115 од 20.04.2021 година.

Друштвото „Зенитх интернационал продуцтс" Дооел од Скопје како сериозен инвеститор немал никаква намера да избегне царински давачки во износ од 2.074,00 денари, поради што е не ставил приговор на оваа околност бидејќи сметал дека износот е мал и нама да имаат никакви проблеми. Од таму, ја замолуваат Комисијата бидејќи се случило мешање на

документи пред царинската постапка од страна на бродарот „Сеагул" при товарењето на стоката од брод на камиони, поради и што нарачката која е покасно нарачана пристигнала порано во Македонија, да бидат ослободени од прекршокот кој им се става на товар, да се изврши корекција на увозните декларации, да им се дозволи да ги подмират давачките во износ од 2.074,00 денари и да им се врати привремено задржаната стока.
Во прилог кон произнесувањето доставија: увозна царинска декларација ИМА 4 21MKIM101300051256 од 10.06.2021 година, 21MKIM101300051256 од 10.06.2021 година, фактура Commercial invoice EXP-2021-ZIP-115 од 20.04.2021 година, EXP-2021-ZIP-116 од 21.04.2021 година, извозна декларација од ОАЕ Дубаи бр.201-05259554-21 од 21.04.2021 година, Товарен лист од МСЦ број MEDUDC615272 од 28.04.2021 година, извозна декларација од ОАЕ Дубаи бр.201-05258884-21 од 21.04.2021 година, Товарен лист од „Коско Шипинг Линес" бр.6297581970 од 27.04.2021 година.

Комисијата утврди дека согласно член 52, 54 и 55 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: Барање за поведување на прекршочна постапка број 28-035741/21-0004 од 21.10.2021 година на ЦИ Скопје 3, записник за царински прекршок број 28-035741/21-0001 од 14.06.2021 година, тековна состојба од Централен регистар, известување за декларација во СОЦДАД-редовна постапка увоз од 10.06.2021 година, ЦМР 409865, Commercial invoice EXP-2021-ZIP-115 од 20.04.2021 година, записник за комисиски прием, премер и проценка на стоки број 28-035741/21-0003 од 21.10.2021 година, control protocol-import at import office од 10.06.2021 година, писмено произнесување број 28-035741/21-0013 од 07.12.2021 година, увозна царинска декларација ИМА 4 21MKIM101300051256 од 10.06.2021 година, 21MKIM101300051256 од 10.06.2021 година, фактура Commercial invoice EXP-2021-ZIP-115 од 20.04.2021 година, EXP-2021-ZIP-116 од 21.04.2021 година, извозна декларација од ОАЕ Дубаи бр.201-05259554-21 од 21.04.2021 година, Товарен лист од МСЦ број MEDUDC615272 од 28.04.2021 година, извозна декларација од ОАЕ Дубаи бр.201-05258884-21 од 21.04.2021 година, Товарен лист од „Коско Шипинг Линес" бр.6297581970 од 27.04.2021 година, покани за писмено произнесување број 28-035741/21-0006 и број 28-035741/21-0007 од 15.11.2021 година, повратници од пошта Скопје, Известување од Централен регистар број 09-3027/2 од 18.11.2021 година, барање податоци од Централен регистар број 28-035741/21-0008 од 13.11.2021 година, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 10.06.2021 година, во ЦИ Скопје 3, поднесена е увозна царинска декларација ИМА 4 21MKIM101300051256 од 10.06.2021 година, од страна на царинскиот застапник-декларант „Карго" Дооел од Скопје за увозникот „Зенитх Интернатионал Продуцтх" Дооел од Скопје, со која во првото наименување од царинската декларација декларирана за царинење е стока со трговски назив „куќишта (танкови) за акумулациони бојлери". Врз основа на извршена детална физичка и документарна котрола на стоката утврдени се неправилности во поглед на количината на стоката и тоа вишок на 9 парчиња куќишта (танкови) за акумулациони бојлери солар танк 80. 1 и врз основа на тоа е составен Записник за наод за извршена

контрола број 30-035591/21-0003 од 11.06.2021 година, со што е избегнато плаќање на увозни царински давачки и даноци во помал износ од 2.074,00 денари.
Со горе опишаното дејствие пријавените со царинската декларација не ја опфатиле целата стока која би требало да се стави во царинска постапка и постапиле спротивно на член 69 од Царинскиот закон, со што првопријавениот „Зенитх интернатионал продуцтс" Дооел од Скопје, сторил прекршок по член 263 став 1 точка 6 од Царинскиот закон, а второпријавениот Игор Перуновски од Скопје, сторил царински прекршок по член 263 став 2 в.в став 1 точка 6 од Царинскиот закон.

Согласно член 69 став 1 од Царинскиот закон, сета стока која се става во царинска постапка мора да биде опфатена со царинска декларација за таа царинска постапка.

Согласно член 263 став 1 точка 6 од Царинскиот закон, глоба во износ од 50 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице микро трговец и мал трговец, а глоба во износ од 250 до 700 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице среден трговец и голем трговец, односно согласно став (2) од истиот член глоба во износ од 15 до 150 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член, ќе се изрече на одговорното лице во правното лице или на физичко лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е до 250 евра во денарска противвредност или кога вредноста на стоката е до 500 евра во денарска противвредност, ако во царинската декларација не е ставена сета стока која мора да биде опфатена со царинска декларација за таа царинска постапка (член 69).

Согласно член 267 став 1 од Царинскиот закон стоката која е предмет на прекршок од членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) и членот 265 во врска со членот 263 став (1) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 19) и 20) на овој закон, се одзема.

Согласно член 63 став (1) од Законот за прекршоците, прекршочниот орган ќе донесе решение за прекршок со кое се утврдува одговорност на сторителот и му се изрекува прекршочна санкција или се ослободува од одговорност.

Согласно став (3) од истиот член, прекршочниот орган не е врзан за предлозите и оцената во однос на правната квалификација на прекршокот.

Согласно член 16 став 1 од Законот за прекршоците на сторителот на прекршокот му се одмерува санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги во предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот, согласно став 2 од истиот член при одмерувањето на санкцијата се земаат во предвид сите околности што влијаат санкцијата да биде полесна или потешка (олеснителни и отежнувачки околности), а особено степенот на одговорност на сторителот за прекршок, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои прекршокот бил сторен, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по прекршокот особено дали ја надоместил штетата,

како и други околности кои се однесуваат на личноста на сторителот, додека согласно став 3 од истиот член при одмерувањето на глобата се има во предвид имотната состојба на сторителот, висината на неговата плата, другите негови примања, неговиот имот и неговите семејни обврски, кај прекршоците од областа на даноците и царините и сразмерноста на висината на неплатените давачки на кои е обврзан со закон.

Имајќи ги предвид утврдената фактичка состојба и погорецитираните законски одредби, Комисијата изврши увид во доказниот материјал и утврди дека сторителите го сториле прекршокот кој им се става на товар од член 263 став 1 точка 6 од Царинскиот закон и на истите треба да им се изрече прекршочна санкција односно глоба, како и задолжително предвидената прекршочна мерка одземање на стока предмет на сторениот царински прекршок.

Комисијата ги ценеше и наводите на сторителите дадени во нивното писмено произнесување број 28-035741/21-0013 од 07.12.2021 година, меѓутоа истите ги оцени како неосновани и дадени единствено со цел за избегнување на прекршочната одговорност.

Во истата оваа насока, а по добиениот Одговор број 09-3027/2 од 18.11.2021 година и податоците од Централниот регистар за вкупниот приход и големината на субјектот, Комисијата утврди дека обвинетото правно лице „Зенитх Интернационал продуцтс" Дооел од Скопје, се распоредува во класификацијата на „мал трговец", па имајќи го предвид признанието на сторителите, износот на избегнати давачки, како и фактот дека досега не се евидентирани за сторители на исти или слични царински прекршоци, Комисијата на сторителите им изрече глоба од 80 евра на правното лице „Зенитх Интернационал продуцтс" Дооел од Скопје и 20 евра на одговорното лице во правното лице Игор Перуновски од Скопје, со кои смета дека ќе се исполни целта на законот и изрекувањето на прекршочната санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата ги задолжи сторителите и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението. Со оглед дека тужбата го одлага извршувањето на решението, потребно е примерок од тужбата да се достави до Царинска управа на Република Северна Македонија - Комисија за одлучување по прекршок, бидејќи во спротивно глобата ќе се наплати согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Претседател на комисија,
Александар Сапроновски

Прк.бр.0554/21
Број 28-035741/21-0015
Скопје, 20.12.2021 година

Доставено во оригинал до:
- сторители
- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител

Изработил: Александар Сапроновски